Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-1402/12
06-11-2013 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Ул „Стале Попов„ бр.9 мезанин локал 5 пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 136/07 ,130/08 ,97/10 и 53/11) пречистен текст службен весник бр.24/12, член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје а врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-1402/5 од 04.11.2013 година , Извештај од спроведена постапка бр.05-1402/6 од 04.11.2013 година по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. **09/2013** за јавна набавка со примена на постапка со прибирање на понуди со објава на оглас со е-аукција Директорот на Друштвото донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда за Набавка на економска и правна стручна литература

На основ на Записникот од отворање на понудите бр.05-1402/5 од 04.11.2013 година и Извештајот од спроведената постапка бр.05-1402/6 од 04.11.2013 година по оглас за доделување на договор за јавна набавка **бр.09/2013** од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, а по Одлука за јавна набавка бр.05-1402/2 од 12.06.2013 година и Одлука за измена на одлуката за јавна набавка бр.05-1402/3 од 16.10.2013 година со примена на постапка со прибирање на понуди со објава на оглас за Набавка на економска и правна стручна литература, договорот за јавна набавка се доделува на:

**Економско правен консалтинг„ФВ “ ДОО**

**ул„ 29 Ноември“„ бр.40-4/2 , Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една) прифатлива понуда.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

-Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за финансии за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за финансии,
- ~~Сектор за правни и општи работи~~
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива